**З А П И С Н И К**

**Од 23-та редовна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево ја одржа 23-та редовна седница на ден 19.07.2019 година (петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците:Бранко Трајков, Ракип Асанов и Сања Христова.

На седницата присуствуваа: Верче Миткова Горан Андонов претставници од општинската аддминистрација.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 23-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 22-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 03.07.2019 година, немаше забелешќи од страна на советниците,беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Надвор од дневниот ред кратка презентација на целите и планираните активности на ОО на Црвениот крст Струмица за наредниот период одржа Марија Тошева серкретар на ОО на Црвениот крст Струмица посебно побара помош во делот на таргетирање на граѓани од општина Василево, заинтересирани да посетуваат обуки за помош на ранливите категории на граѓани, кои по завршувањето на обуките би биле работно ангажирани за соодветен финансиски надоместок. Исто така информираше и за организирана крводарителска акција која ќе се случи во периодот од 09,00 до 14,00 часот на 31.07.2019 година, во Домот на културата во Струмица. Општина Василево како докажан партнер на ОО Црвен крст, Струмица, упати апел до сите граѓани, како и досега да се вклучат и во оваа акција и да ја покажат својата хуманост на дело.

За работа на 23-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог-Статут за измена на Статутот на општина Василево.
2. Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5,5 $м^3$.

3. Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Василево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP).
4. Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Женски фудбалски клуб „Тиверија“, Струмица.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 23-та седница на Советот на општина Василево никој не се јави за збор беше ставено на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог-Статут за измена на Статутот на општина Василево Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека поради немање кворум за работа комисијата за Статут и Прописи не се состана, отвори расправа по точката, бидејќи немаше пријавено за збор беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „ за„ „ против„ 3 и „ воздржани„ нема.При што Советот ги усвои измените на Статутот на општина Василево кој што се однесуваат на името на државата секаде каде што во досегашнит текст стои Република Македонија се заменува со Република Северна Македонија.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5,5 $м^3$.за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 2 гласа„ за„ „ против„ 1 и „ воздржани„ нема.

Наце Коцев член на Советот на општина Василево постави прашање околу набавката на возилото за собирање на смет праша дали со набавката на оваа возило ќе бидат опфатени сите населени места и дали со законот за јавна чистота ќе бидат задолжени сите домакинства или пак општината само ќе се задолжува како од предходните години сега пак се задолжува побара образложение како и на кој начин ќе бидат задолжени граганите на општина Василево.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека Советот на општина Василево треба да донесе одлука за кредитно задолжување на општината заради набавка на специјално возило за собирање и транспорт на сме Кредитот, односно долгорочното домашно задолжување ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка. Износот на заемот изнесува 4 370 000 денари, а капацитетот на возилото што ќе биде набавено ќе изнесува 5,5 $м^3$. Рокот на отплата на кредитот ќе биде 2 години со грејс период од 6 месеци.

т. целта на набавката на новото возило е да се створат услови за да може организирано да се собира сметот од домаќинствата во уште неколку населени места, односно жителите на уште неколку населени места да бидат опфатени со организираното собирање на смет. Ќе бидат распоредени контеjњери прво во пет најголеми населени места во општина Василево за да може да се види дали може да се одговори според потребите на овие 5 населени места. Со Одлука на Совет задолжително ќе бидат задолжени сите домаќинства ќе биде организирано двосменско работење со тоа многу диви депонии ќе се одстранат.

Марјан Трајков од кога ќе се донесе оваа Одлука смета дека треба да се вработат уште двајца работници чистачи за чистење на сметот од кантите бидејќи граѓаните се жалат при собирање на сметот останува многу смет расфрлан смета дека повеќе внимание треба да се обрати околу собирањето на сметот

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека во иднина ќе се залага да го извести директорот на ЈКПД ,,Турија" Василево оваа забелешка да биде земена во предвид да биде решен овој проблем.

По затворената расправа втората точка од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5,5 м$^3$. беше ставено на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа„ за„ „ против„3 и „ воздржани„ нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Василево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP). за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 2 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржан„ 1.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Василево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP). . беше ставено на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 2.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Женски фудбалски клуб „Тиверија“, Струмица. за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека на седницата на комисијата имаше предлог да се додели финансиски средства во износ од 10.000 денари од 3 присутни члена гласа 1 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржан„ 2 предлогот не беше усвоен.

Христина Гошева член на Советот на општина Василево предлага да се доделат средства во износ од 5000 денари по Барање за финансиски средства поднесено од Женски фудбалски клуб „Тиверија“, Струмица.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Христина Гошева да се доделат средства во износ од 5000 денари по Барање за финансиски средства поднесено од Женски фудбалски клуб „Тиверија“, Струмица, беше ставено на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 3.

Четвртата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Женски фудбалски клуб „Тиверија“, Струмица.со усвоениот предлог на Христина Гошева да се доделат средства во износ од 5000 денари беше ставено на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 3.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 23- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

**Совет на општина Василево**

**Претседател,**

**Крсте Панев**